**2026057966**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 134 став (9) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ВО НЕДЕЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на известувањето на Државниот инспекторат за труд, за започнување на работа во недела.

Член 2

Известувањето се доставува на образец со А4 формат, кој се печати на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Работодавачот пред започнувањето на работа во недела доставува известување до Државниот инспекторат за труд, во писмена форма или електронски.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата, содржина и начинот на известувањето за вршење на работа во недела („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 299/21).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 12-1439/1
12 март 2026 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши,** с.р.

Прилог

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

за вршење на работа во недела

| **А. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ** | |
|---|---|
| Назив на работодавач: | |
| Седиште на работодавач: | |
| Даночен број: | |
| ЕМБС: | |
| Дејност на работодавач (Главна приходна шифра): | |
| **Б. Податоци за одговорно лице кај работодавачот** | |
| Име и презиме: | |
| Адреса на живеење или престојување: | |
| **В. Податоци за работниот процес** | |
| Место на вршење на работниот процес: | |
| Опис на работниот процес: | |
| **За член 134 став (3) алинеи 42 и 43 од Законот за работните односи** | |
| **Алинеја 42** | **Алинеја 43** |

<table>
<tr><td rowspan="3">Број и датум на склучен договор за техничка соработка за вршење на придружни и помошни дејности:</td><td>Назив на работни места и број на извршители:</td></tr>
<tr><td>Опис на работите од наведените работни места со образложение за причините за работното ангажирање:</td></tr>
<tr><td>Работното време во кое ќе се извршуваат работите од наведените работни места:</td></tr>
</table>

______________________________

(Потпис)